**РЕПУБЛИКАСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ**
**Скопје**

Врз основа на член30, 48 и 49 од Законот за административни службеници (“Службен весник на Република Македонија” бр 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 ), и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас,начинот на поднесување на пријавата за унапредување, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција,во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (Сл.Весник на РМ 11/15), како и Правилникот за систематизацијана работни места во Дирекцијата за радијациона сигурност бр.01-54/2 од 11.03.2021 година , директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност објавува

**И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С бр. 01/2022**
**За пополнување на работно место со унапредување**

1. Советник на издавање на дозволи/лиценци во Одделението за дозволи/лиценци,мониторинг и вонредни настани со шифра на работно место УПР 01 01 В01 000 – еден извршител

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следниве општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска одлука да не му е изречена казна забрана за вршење професија,дејност или должност

Посебни услови предвидени за работното место утврдени со актот за Систематизација на работните места на Дирекцијата за радијациона сигурност:
- ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – физика,клиничка медицина,фармација
- најмалку три години работно искуство во струката

Посебни работни компетенции:
- Познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски,француски,германски)
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

На интерниот оглас може да се јави административен службеник,вработен во истата институција кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот за систематизација како и:

- да е оценет со оценка А или Б при последното оценување
- да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 работни дена сметано од денот на објавување на огласот ( не сметајќи го денот на самото објавување).

Дневно работно време од 7.30/8.30 до 15.30/16.30 часот.

Работни денови: Од понеделник до петок

Неделно работно време: 40 (четириесет) часа

Паричниот нето износ на збирот од делот од основната плата со кој се вреднува степенот на образование и додаток на плата за звањеизнесува26.257,00 денари**.**

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку Архивата на Дирекцијата за радијациона сигурност до Одделението за човечки ресурси како и до службената електронска адреса drs@drs.gov.mkсо назнака за интерен оглас.

Ненавремена,нецелосна и неуредно пополнета пријава,нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција составена од членови од Дирекцијата за радијациона сигурност и од Агенцијата за администрација.
За член на Комисија за селекција за вработување по интерен оглас од редот на вработените во Дирекцијата за радијациона сигурност се номинира:
Димче Китески – Раководител на Одделение за човечки ресурси со електронска пошта dimce.kiteski@drs.gov.mk, и контакт телефон 075-402-560
**Напомена:Останатите членови и нивни заменици да се назначат од вработените во Агенцијата за администрација, бидејќи кај работодавачот нема други лица кои можат да бидат назначени за членови на Комисијата или нивни заменици.**

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази се верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

**ДИРЕКТОР**

**Светислав Ѓорѓевиќ**